# ОДНОСОТ НА ЛАСЕРСКИТЕ ТРЕТМАНИ И ПРИНОСОТ КАЈ ЈАЧМЕНОТ

Михајлов Љупчо[1], Василевски Гоце[2], Бошев Дане[2]
[1]А.Д. „ Ерџелија„ ,Св.Николе
[2]Земјоделски Факултет-Скопје

1999, Скопје, Македонија, Годишен зборник на Земјоделскиот Факултет 1999, Година 44, 103-107

Овие истражувања се вршени со цел да се утврдат ефектите од ласерската стимулација врз приносот кај јачменот . Со ласерска светлина третирано е семе од пролетен јачмен сорта „*Македо*„.

Опитите беа поставени на површините на „14-ти Септември„ Д.О.О.- Св.Николе, според методот на случаен блок систем, во пет повторувања .

Кај третираните варијанти, постигнато е просечно зголемување на биолошкиот принос до 8.9%, приносот на зрно до 13,3%, и жетвениот индекс до 7%, во споредба со контролата.

**Клучни зборови**: стимулација, семе, ласер, пролетен јачмен, принос.